30777

Средба со Александар Јанкуловски — Цане, сликар од Скопје

# ГОВОРАМ ЗА ЧОВЕКОТ

**● ОСНОВНАТА ИНСПИРАЦИЈА ВО МОЕТО ТВОРЕШТВО Е ЧОВЕКОТ, НЕГОВАТА ПСИХОЛОШКА И БИОЛОШКА ЕГЗИСТЕНЦИЈА, ВЕЛИ АЛЕКСАНДАР ЈАНКУЛОВСКИ — ЦАНЕ, ЧИЈА ИЗЛОЖБА ЗАВЧЕРА БЕШЕ ОТВОРЕНА ВО ЦЕНТАРОТ ЗА КУЛТУРА И ИНФОРМАЦИИ НА СКОПЈЕ**

Во Центарот за култура и информации на Скопје, во тек е изложбата на сликарот Александар Јанкуловски—Цане. По речиси повеќе од една деценија, овој реномиран сликар, пред скопската културна јавност се претставува со 28 дела работени во маслена техника, а настанати во последниот творечки период.

Тоа беше и непосредниот повод да поведеме разговор со Јанкуловски, при што, едно од првите прашања што му го поставивме, беше токму за изложените дела:кој е основниот мотив кој во сите нив се појавува.

— Основниот мотив, основната инспирација во целокупното мое творештво е психолошката и биолошката егзистенција на човекот вели Јанкуловски. Тоа е нервот и на овие најнови слики. Во сите нив, говорам за човекот, неговата психа, неговото страдање, неговото тело, крв, клетка, пори...

— Објаснете ни го процесот на создавањето на една ваша слика почнувајќи од доаѓањето до идејата, па сè до нејзината конечна реализација?

— Тој пат е долг, неизвесен, макотрпен. Творештвото е битка, како што е и животот. Сликарството бара голема студиозност, па оттаму и процесот на создавање на една моја слика е многу долг. Знам над една слика да работам и по 2—3 години, сè додека идејата не го добие својот конечен облик.

— Дали по секоја завршена слика чувствувате спокој, задоволство, кое обично доаѓа по некоја поставена цел и долгото приоѓање кон неа?

— Никогаш не сум задоволен. Секогаш чувствувам дека уште многу идеи бараат свој подвидок дека мојот мотив е неисцрпен. Со една слика сум изразил само еден дел од себе, а немирот и понатаму останува.

— Тогаш, што во вашето творештво ве чини среќен ?

— Можеби тоа што сликите ми даваат можност да го реализирам она кон кое тежи секој човек, секоја индивидува. Да го обезбедам своето лично достоинство, да го изразам својот идентитет, да се реализирам како личност во постоењето на оваа земјина топка.

— Критичарите велат дека според ликовниот јазик вашето творештво му припаѓа на енформелот?

**— Сметам дека не припаѓам на ниту еден правец. Не признавам никакви закони во уметноста. За тоа, мислам дека сум нашол свој стил, свој начин на изразување, свој ликовен говор, кој ги чини препознатливи моите дела.**

**— И на крајот, што претстои пред вас во наредниот период?**

— Имам повеќе понуди за изложби, но...ќе видам. Во секој случај творештото сликањето останува како единствен можен и реален пат.

**В. Саздова**

ВЕЧЕР ☆ 6 октомври 1983 година 6295, 11,